**Поважни настани:**

- **Проекции на ММФ: Прогнозите за светскиот раст ревидирани нагоре**
- **Обединето Кралство: Најавени предвремени парламентарни избори за 8 јуни**
- **Еврозона: Резултати од првиот круг на претседателските избори во Франција според очекувањата, намален рејтинг на Италија од „Фич"**
- **САД: Послаби показатели**
- **Кина: Економски раст од 6,9%**

**Меѓународниот монетарен фонд ги објави своите најнови макроекономски проекции.** Според прогнозите на ММФ, светскиот економски раст за 2017 година беше ревидиран нагоре на 3,5%, во однос на прогнозираниот раст од 3,4% во јануари, додека прогнозите за 2018 година останаа непроменети на нивото од 3,6%. Што се однесува на *развиените економии*, ММФ очекува дека економскиот раст во еврозоната во 2017 и 2018 година ќе изнесува 1,7% и 1,6% соодветно (нагорна ревизија од 1,6% на 1,7% за 2017 година). Во случајот на *САД*, изгледите за идниот раст не забележаа ревизија, така што прогнозите за економскиот раст за оваа и следната година останаа непроменети на нивото од 2,3% и 2,5%, соодветно, укажувајќи на значително побрз раст во наредниот период, во однос на растот од 1,6% во 2016 година. Прогнозите на ММФ за *Обединетото Кралство* укажуваат на економски раст од 2% во 2017 и раст од 1,5% во 2018 година (ревидирани нагоре за 0,5 п.п. и 0,1 п.п., соодветно). И прогнозите за растот на *Јапонија* за 2017 година забележаа значајна нагорна ревизија од 0,4 п.п., на ниво од 1,2%, додека растот за 2018 беше ревидиран за 0.1 п.п. (на 0,6%).

**Пазарните учесници со особено внимание ги следеа политичките информации за Европа, коишто започнаа со неочекуваната најава на предвремени парламентарни избори во Обединетото Кралство за 8 јуни од страна на премиерката Тереза Меј.** Меј нагласи дека тоа е единствениот начин да се обезбеди политичка стабилност, којашто е потребна во наредните години со оглед на преговорите за Брегзит кои ќе се одвиваат со ЕУ. Според Меј, ваквата одлука беше донесена со оглед на фактот дека редовните парламентарни избори беа предвидени да се одржат во 2020 година, кога и преговорите со ЕУ влегуваат во клучната фаза. Британскиот парламент, со 522 гласа за и 13 против, го поддржа барањето за предвремени парламентарни избори.

**Во текот на викендот се одржа првиот круг на претседателските избори во Франција, во кои немаше изненадувања, односно Емануел Макрон и Марин ле Пен ќе се натпреваруваат во вториот круг на претседателските избори во Франција.** Според гласовите, Емануел Макрон освоил најмногу гласови во првиот круг на претседателските избори (23,75%), а потоа следуваа Марин ле Пен (21,53%), Фијон (19,91%) и Меланшон (19,64). Најновите анкети укажуваат дека Макрон во вториот круг би освоил околу 60% од гласовите, особено по поддршката на Фијон и социјалистичкиот кандидат Хамон, што го прави фаворит за претседател на Франција.
Агенцијата за кредитен рејтинг „Фич" соопшти дека го намалува кредитниот рејтинг на *Италија* од БББ+ на ББВ (со стабилен изглед), заради слабиот економски раст и неуспешноста во намалување на јавниот долг, зголемувајќи ја изложеноста на Италија кон потенцијални негативни шокови. Исто така, значајна улога во намалувањето на кредитниот рејтинг имаа и зголемените политички ризици и слабиот банкарски сектор во земјата.

**Во еврозоната преовладуваа позитивни макроекономски показатели.** Според конечните процени, беше потврдено зголемувањето на стапката на инфлација во март на ниво од 1,5% (како и првичната процена), а базичната инфлација беше ревидирана нагоре од 0,7% на 0,8%. Во април, довербата на потрошувачите се подобри за 1,4 поени, зголемувајќи се на -3,6 поени. Првичниот податок за композитниот индекс ПМИ за април неочекувано се зголеми од 56,4 на 56,7 поени, што претставува највисоко ниво од април 2011 година.

**Податоците за САД беа нешто послаби.** Според високофреквентните податоци за пазарот на труд, бројот на првични барања за социјална помош во неделата до 15 април се зголеми за 10.000 и го достигна нивото од 244.000, што сепак е под прагот од 300.000. Инфлацијата во март забави повеќе од пазарните очекувања (на 2,4%, наспроти очекувањата од 2,6%), а трговијата на мало се намали втор месец по ред. Во однос на показателите за пазарот на недвижности, бројот на започнати градби на куќи во март забележа месечен пад од 6,2%, како одраз на падот на температурите регистрирани во март и на невремето коешто го погоди североисточниот и централнозападниот дел на САД. Од друга страна, бројот на издадени одобренија за градба во март се зголеми за 3,6%. Индустриското производство во истиот месец забележа раст од 0,5%, како резултат на растот на производството на природен гас, струја и вода, и поради растот кај производите за потрошувачка.
Во интервју за „Фајненшел тајмс", секретарот на Министерството за финансии на САД, Стивен Мнучин, изјави дека даночните реформи остануваат приоритет за оваа година, но според него определениот рок за спроведување на реформите (до август) е нереален. Во однос на плановите за поттикнување на економскиот раст преку инвестиции во инфраструктурата, истакна дека и понатаму ќе се дискутира нивното спроведување во текот на годината, но најверојатно ефектите врз растот ќе се почувствуваат во текот на наредната година. Мнучин посочи дека граничниот данок би имал како позитивни, така и негативни ефекти.

**Од друга страна, податоците за Кина беа поволни.** Годишната стапка на раст на БДП во првиот квартал од 2017 година неочекувано се зголеми на 6,9%. Овие остварувања главно се одраз на повисоките инфраструктурни јавни расходи и брзиот раст на секторот „недвижности“. Исто така, индустриското производство во март неочекувано се зголеми од 6,3% на 7,6% на годишна основа, додека растот на инвестициите во првиот квартал остана непроменет, на ниво од 8,8% (пазарите очекува раст од 8,7%).

## Позначајни пазарни движења

Еврото на неделна основа забележа апрецијација од 1,1%, главно под влијание на намалување на веројатноста на ФЕД за зголемување на референтната каматна стапка на состанокот во јуни, како резултат на релативно неповолните макроекономски индикатори во САД и поради пазарните очекувања за победа на Емануел Макрон во првиот круг на претседателските избори во Франција. Во такви услови, се зголемија приносите во целиот сегмент на кривата на приносите на државните обврзници во еврозоната, додека приносите во краткорочниот сегмент на државните обврзници на САД умерено се намалија. Притоа, распонот помеѓу 10-годишните француски и германски државни обврзници се намали за околу 11 б.п. сведувајќи се на 69 б.п., главно заради стабилизираните мислења во анкетите за претседателските избори во Франција, додека нападот на полицаец во Париз доведе до привремена неизвесност. Цената на нафтата на неделна основа се намали од 54,7 на 51,2 САД-долари за барел, поради неочекуваниот раст на залихите на нафтени деривати во САД и воедно, забележаното највисоко ниво на производство на нафта во САД од август 2015 година наваму.

## Селектирани пазарни показатели

| | 13.04. | 21.04. | неделна промена |
|---|---|---|---|
| DAX индекс | 12,109 | 12,049 | -0.50% |
| S&P индекс | 2,329 | 2,349 | 0.8% |
| Euribor 3m (%) | -0.331 | -0.331 | 0 |
| USD Libor 3m (%) | 1.1584 | 1.1562 | -0.2 |
| Bund 10y (%) | 0.19 | 0.25 | 6.6 |
| UST 10y (%) | 2.24 | 2.25 | 1.1 |
| EUR/USD | 1.0613 | 1.0728 | 1.08% |
| Злато ($/Oz) | 1,286 | 1,282 | -0.4% |
| Нафта (Brent, $/barrel) | 54.7 | 51.2 | -6.5% |
















**Приноси во евро-зона и САД**

| | EUR 6M | EUR 2Y | EUR 5Y | EUR 10Y |
|---|---|---|---|---|
| 13.04. | -0.55 | -0.86 | -0.52 | 0.19 |
| 21.04. | -0.51 | -0.79 | -0.44 | 0.25 |
| неделна промена (б.п.) | 3.3 | 6.7 | 8.0 | 6.6 |
| | **USD 6M** | **USD 2Y** | **USD 5Y** | **USD 10Y** |
| 13.04. | 0.92 | 1.21 | 1.77 | 2.24 |
| 21.04. | 0.91 | 1.18 | 1.77 | 2.25 |
| неделна промена (б.п.) | -1.0 | -2.5 | 0.1 | 1.1 |

## Календар за периодот 24 – 28 април 2017 година

| Понеделник 24 април | Вторник 25 април | Среда 26 април | Четврток 27 април | Петок 28 април |
|---|---|---|---|---|
| **Германија –** показател за деловната клима ИФО (април) | **Франција –** показател за деловната клима ИНСЕЕ (април)<br>**САД –** индекс за цените на недвижностите Кејс Шилер (февруари), доверба на потрошувачите според Конференцискиот одбор (април), продажба на нови објекти за домување (март)<br>*ЕЦБ – Анкета за кредитната активност* | / | **Јапонија, Шведска –** состанок за монетарната политика<br>**Германија –** показател за довербата на потрошувачите ГФК (мај), првичен податок за стапката на инфлација (април)<br>**Еврозона -** состанок за монетарната политика, показател ЕСИ (април)<br>САД – порачки за трајни производи (март), првични барања за социјална помош (недела до 22 април) | **Јапонија** – стапка на инфлација, стапка на невработеност, индустриско производство (март)<br>**Франција** – БДП (кв.1), првичен податок за стапката на инфлација (април)<br>**Германија** – трговија на мало (март)<br>**Велика Британија** – БДП (кв.1)<br>**Еврозона –** првичен податок за стапката на инфлација (април), монетарни и кредитни показатели (март)<br>**САД –** БДП (кв.1), индекс Чикаго ПМИ (април), доверба на потрошувачите според Универзитетот Мичиген (мај) |